**20151484179**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за медијација,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 август 2015 година.

Бр. 08- 3710/1
24 август 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

Член 1

Во Законот за медијација („Службен весник на Република Македонија“ број 188/13) во членот 50 ставови (13) и (15) зборовите: „4000 до“ се бришат.

По ставот (16) се додава нов став (17) кој гласи:

„(17) Надзор врз спроведувањето на одредбите на овој член врши Министерството за правда“.

Член 2

По членот 50 се додава нов член 50-а кој гласи:

„Член 50-а

Одмерувањето на глобата за правното лице се врши согласно Законот за прекршоците“.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.